Упатство за употреба. Ве молиме прочитајте ги овие информации внимателно.

**ЛАКАЛУТ ФИКС**
**АДХЕЗИВЕН КРЕМ ЕКСТРА СТРОНГ НЕУТРАЛ/МИНТ**
**за забни протези**

Медицинско средство
Без парабени, без Цинк. Содржи витамин Е.

Внимателно прочитајте го целото упатство во пакувањето, бидејќи содржи важни информации за Вас. Ова медицинско средство е достапно без рецепт. Сепак, со цел да се постигне најдобар можен успех во третманот, Лакалут Фикс адхезивниот крем мора да се користи според упатствата.

**Дозирна форма и содржина:** Адхезивен крем, 40 g

**Апликација:** Адхезивен крем за апликација на забни протези. Ги прилепува/зацврстува забните протези на гингивата.

**Мерки на претпазливост и посебни упатства:** Да се употрбува само на здрави (неоштетени) орални мукозни мембрани.

**Инструкции за дозирање, вид и времетраење на апликацијата:** Темелно исчистете ја и исушете ја забната протеза и нанесете Лакалут Фикс адхезивен крем екстра стронг на рамномерно распоредени интервали. Потоа ставете го адхезивниот крем во шуплината на горната/долната протеза и вметнете ја. Цврсто притиснете ја протезата кон вилицата неколку секунди. Почекајте приближно 5 минути пред да јадете или пиете. Дозата може индивидуално да се прилагоди. По употреба внимателно затворете ја тубата. Кремот може да се нанесе и на суви и на влажни протези. Не ставајте од адхезивниот крем директно во устата.

**Контраиндикации:** Не употребувајте при преосетливост на која било од состојките.

**Интеракција со други производи:** Досега не е познато.

**Несакани дејства:** Во изолирани случаи, можни се реакции на преосетливост на мукозните мембрани. Ако забележите несакани дејства, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.

**Да се чува подалеку од дофат на деца!**
Адхезивниот крем не треба да се употребува после датумот на истекување на рокот на употреба, отпечатен на кутијата и тубата.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

**Пријавување на несакани дејства:** Ако имате некои несакани дејства што не се наведени во ова упатство, може да ги пријавите директно преку Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. Св. Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/ или на производителот.

**Дали ви се допадна производот?** За предлози или барања, контактирајте го производителот.
Да се чува на температура од 5° C до 25° C. **Максимална температура на чување:** 25° C

**Медицинско средство**

**Ревизија на информациите:** Јануари 2021 година

**Начин на издавање:** Медицинското средство може да се издава без рецепт во слободна продажба.

**Апликација (видете ја сликата во пакувањето):** Нанесете Лакалут адхезивен крем или во точки или во тенки ленти, не премногу блиску до работ на забната протеза.

**ЛАКАЛУТ ФИКС АДХЕЗИВЕН КРЕМ**
**ЕКСТРА СТРОНГ/ НЕУТРАЛ**
**Состав:** калциум/натриум PVM/MA кополимер, течен парафин, петролатум, целулозна гума, силициум диоксид, токоферилацетат, CI 14720.

**ЛАКАЛУТ АДХЕЗИВЕН КРЕМ**
**ЕКСТРА СТРОНГ/МИНТ**
**Состав:** калциум/натриум PVM/MA кополимер, течен парафин, петролатум, целулозна гума, силициум диоксид, арома, токоферилацетат, CI 14720.

**Носител на одобрението за ставање на медицинското средство во промет:**
Натусана Македонија
ул. Качанички пат бр. 174
МК-1010 Скопје
www.natusana.mk

**Производител:**
Dr. Theiss Naturwaren GmbH,
Michelinstrasse 10,
D-66424 Homburg, Германија
www.naturwaren-theiss.de

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP СКОПЈЕ